**ЛОКОМОТИВА**
**центар за нови иницијативи во уметноста и културата**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# НА ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ РЕАЛИЗИРАНИ ВО 2013г.

# I. КРАТОК ОПИС НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

Локомотива е мала организација, но е многу активен учесник во градењето и развојот на демократскиот социо-културен простор во Македонија и регионот на поранешна Југославија. Преку нејзините активности, Локомотива има за цел да овозможи подобар пристап на граѓаните до уметничките и културни настани и проекти и да влијае на развојот и поддршката на современа и динамична уметност и култура, како поттик во развојот на демократското општество.
Локомотива е еден од најпочитуваните непрофитни организации во областа на уметноста и културата во регионот на поранешна Југославија, како и во Европа. Нејзината репутација се должи на развојот и успешното спроведување на бројни проекти. Проектите во себе обединуваат активности во доменот на образование и развој на професионални капацитиети, современа уметничка продукција, култрурно-уметничка размена и соработка, истражувања во доменот на културните политики и современите уметнички и образовни практити, организирање на дускусии и дебати, и многу повеќе. Во реализација на проектите, организацијата и дава приоритет на регионалната и меѓународната соработка. Локомотива е ко-основач на проектот - мрежата на НОМАД танцова академија, ЈАДРО – Асоцијацијата на независна културна сцена во Македонија и Регионалната мрежа за културен развој на Пелагонискиот плански регион. Локомотива е основач на фестивалот за современ танц и перформанс - Локомоушн. Од своето основање, организација има активна улога во развојот на локалните културни политики.

**Визија**
Локомотива е центар кој овозможува креативна реализација на идеи и критичко промислување, која дејствува како платформа за образование и поддршка на развојот на културата и уметноста заради остварување на прогресивни социо-културни промени во заедницата.

**Мисија**
Локомотива е граѓанска организација која создава нови можности за креирање, развој и делување на професионалците во полето на современата култура и уметност.

Локомотива ова го остварува преку создавање на нови модели на соработка, истражување, застапување за креирање на развојни културни политики на локално, регионално и меѓународно ниво, како и градење на потребните капацитети во заедницата.

**Главна цел** на Локомотива е да развива нови модели на културна продукција и политика преку активности во полето на современите уметности-изведувачки уметности (со фокус на современ танц), современата визуелна уметност и филм, застапувачки активности за учество на граѓанскиот сектор во креирање и имплементација на културни политики и активности за јакнење на капацитети на единиците на локална самоуправа и културниот сектор (јавен и граѓански) со цел развој на партицпативни модели на креирање на територијални стратегии и програми за развој преку културата.

**Стратешки цели 2014-2016**

- Зајакнување на капацитетите на образовните институции и професионалците во полето на културата во РМ
- Креирање на систем за едукација во поле на менаџмент во културата и уметноста и културна политика во РМ
- Креирање на системи и механизми за меѓународна соработка во полето на културата
- Создавање на нов модел на културна институција во РМ

**Целни групи:**

- Уметници: млади танчери и кореографи (студенти по музика и балет во средно училиште, студенти по современ танц на отсекот за балетска педагогија при Музичкиот факултет, самостојни кореографи и танчери од балканскиот регион, студенти и дипломирани тетарски режисери и глумци, и.т.н), млади филмски работници и визуелни уметници (студенти и дипломци од Факултетот за Драмски уметности и независни филмаџии и глумци);
- Културни работници од граѓанскиот сектор, неформални уметнички асоцијации, артивистички и активистички групи, маргинализирани и суб-културни групи кои го претставуваат независниот културен сектор и слични организации кои работат во полето на родовата сензибилизација и граѓанските права;
- Национални и локални јавни културни и образовни институции во земјата;
- Креатори на политики, носачи на одлуки на локално, национално и регионално ниво.

**Основачи на Локомотива:**
Биљана Тануровска Ќулавковски, Искра Шукарова, Наташа Димитриевска, Љупчо Тануровски, Илчо Цветкоски.

**Тимот на Локомотива за 2013 година**:
Биљана Тануровска – Ќулавковски - извршен директор/програмски уредник; Виолета Качакова - проектен менаџер/програмски уредник, културна политика; Катарина Тоциноски – асистент проект менаџер, Анета Илиевска – финансиски координатор, Климент Попоски – проект и финаниски координатор, Искра Шукарова - уметнички координатор; Наташа Димитриевска – уметнички координатор; Љупчо Тануровски - техничка поддршка.
Соработници: Кире Миладиноски, Драгана Заревска, Александар Георгиев, Викторија Илиоска, Елена Рисетеска.

**Мрежи:**
**Локомотива е еден од иницијаторите и ко-оснивачи на:**

- *Balkan Express Network*
- *Balkan Dance Network*
- *NOMAD Dance Academy* - http://www.nomaddanceacademy.org/
- Номад танц академија - Мрежа за застапување во полето на современите изведувачки уметности
- ЈАДРО-Асоцијација на независната културна сцена во Македонија - http://www.jadroasocijacija.org.mk

**Локомотива е партнер и член на:**

- Градина на Европа/*Jardin D'Euope*- http://www.jardindeurope.eu/
- *Long Life Burning* - http://www.lifelongburning.eu/

**Интернационални мрежи и асоцијации со кои соработува Локомотива:**

- Асоцијација на агенции за локална демократија (АЛДА) - http://www.alda-europe.eu/
- *IETM*-Интернационална мрежа за современи изведувачки уметности
- *Culture Action Europe* - www.cultureactioneurope.org/
- *Clubture* - http://www.clubture.org/
- *Druga Scena* – http://www.drugascena.org/
- *A Soul of Europe* -http://www.asoulforeurope.eu/

**Програми**

Во рамките на програмските целини на Локомотива се реализирани бројни културни и уметнички проекти и активности: уметнички перформанси, современо-танцови и филмски продукции, предавања, дебати, презентации, работилници, конференции, едукативно - развојни проекти, истражувања итн.
Она што ги поврзува сите програми е преисчитување на продукциските модели, образовните пракси, институционалните пракси и општествените дискурси, моделите на здружување и партнерска соработка. Преисчитувањето и критичкото промислување овозможува развој и застапување на потребите условени од општествените промени. Сите програми имаат цел да понудат нови пристапи и модели на соработка, продукција и едукација кои допринесуваат во општествениот развој и демократско живеење.
Во своите програмски целини Локомотива развива интередисциплинарен пристап и во своите програми вклучува активности кои го поддржуваат професионалниот развој и доживотното учење преку едукација, креација и продукција, уметничка размена, дифузија, истражување, предавања, презентации, јавни дебати и вмрежување, а истиот е застапен и акцентиран со посебна намена во рамките на конкретна програмска активност.

**Програмите на Локомотива** се структурирани со цел да развиваат интердисциплинарен пристап и содржат едукација, креација и продукција, уметничка размена, дифузија, истражување во полето на културната политика, отворање на простор за дебатирање во полето на културните политики, вмрежување, итн.

**Цели на програмата за 2013 година**

**Цел 1**: Поттикнување на развој на граѓанскиот сектор во областа на културата-креирање на нова и динамична граѓанска средина во Македонија која ќе партиципира во процесите на креирање на јавни (културни) политики.
**Цел 2**. Иницирање и поттикнување на партнерство и соработка помеѓу јавните централни, регионални и локални власти и институции и граѓанскиот сектор (подцели: поддршка на децентрализацијата во култура, критичко мислење и развој на културни потреби, вмрежување на национално, регионално и интернационално ниво, поттикнување на современа уметничка продукција и развој на публика)

**Цел 3**. Градење на капацитетите на културните работници во граѓанскиот сектор за култура и јавните културни институции (подцел: трансфер на знаење)
**Цел 4**. Креирање на модели на едукација и до-едукација во доменот на современата уметничка практика и теорија кои не се застапени во формалното образование, и нивна имплементација (подцели: трансфер на знаење и развој на публика)
**Цел 5**. Јакнење на организационата структура и тим на Локомотива и подобрување на условите за работа на организацијата

## II. ПРОГРАМСКИТЕ ЦЕЛИНИ И АКТИВНОСТИ НА ЛОКОМОТИВА РЕАЛИЗИРАНИ ВО 2013

### 1. РЕФЛЕКСИИ

Програма за истражување и развој на културните политики и застапување на потребите на заедницата

- 1.1 Програма за Децентрализирана соработка помеѓу Македонија и Долна Нормандија/програмска целина за Културни политики
- 1.2 Активности во рамки на ЈАДРО - Асоцијација на независната културна сцена во Македонија, платформа за застапување на потребите на културните работници и уметници од граѓанскиот сектор

### 2. ПЛАТФОРМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ (УМЕТНОСТ и КУЛТУРА)

Програма за долгорочно учење и развој на професионалните капацитети во полето на уметноста наменета за уметниците, теоретичарите, критичарите на уметноста, социолозите и културните работници од НВО секторот и членовите на организацијата.

- 2.1 *Jardin d'Europe*
- 2.2 *Life Long Burinig*
- 2.3 ЛОКОМОУШН-Фестивал за современ танц и перформанс
- 2.4 "Чекор Африка!"/Step Afrika!
- 2.5 Продукција на танцова претстава "Заедно против семејно насилство" во рамки на проектот Подобрување на институционалниот пристап кон семејното насилство

### 3. ИЗДАВАШТВО

### 4. ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНАТА СТРУКТУРА НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА И ДОБИЕНИ ПРИЗНАНИЈА ЗА НЕЈЗИНАТА РАБОТА

## ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ НА ЛОКОМОТИВА РЕАЛИЗИРАНИ ВО РАМКИ НА ПРОГРАМСКИТЕ ЦЕЛИНИ ВО 2013 г.

### 1. <u>РЕФЛЕКСИИ</u>

Програма за истражување и развој на културните политики и застапување на потребите на заедницата.
Оваа програма е наменета за иницирање на реформи во уредувањето на системот во кој се одвива културниот развој во земјата. Програмата се спроведува преку неколу проектни активности во рамки на кои се застапува потребата на одредени засегнати страни.

Ние сметаме дека прашањето на културата е едно од најважните општествени прашања кое влијае на севкупниот општествен развој. Постои ургентна потреба за поинакво промислување на врските и влијанијата помеѓу општеството и културата со цел да се стимулира дијалог, да се зајакнат компетенциите на учесниците и да се зајакнат демократската култура и културата на демократијата.
Да се обезбеди плурализмот и диверзитетот на уметнички израз во едно општество значи да се изгради систем кој тоа ќе го поддржува, односно систем кој ќе поддржува нов, современ, слободен авторски израз и жива уметност.
Преку оваа програма Локомотива се стреми да влијае и допринесе во градењето на тој систем.
Активностите во таа насока се развиваат во рамки на проектот за Децентрализирана соработка МК/ДН (каде Локомотива ја води оската за Културни политики), активно учество во формирање и функционирање на асоцијацијата на независната културна сцена во Македонија (ЈАДРО) и застапувачките активности во доменот на современите изведувачки уметности.

## 1.1 ПРОЕКТ ЗА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИРАНА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ РЕГИОНОТ ДОЛНА НОРМАНДИЈА ФРАНЦИЈА И РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Децентрализираната соработка помеѓу Регионот Долна Нормандија (Франција) и Република Македонија започна во 2007 година. Иако се работи за институционална соработка (Регион Долна Нормандија – Македонија преку Министерство за локална самоуправа), активностите од проектот се групирани во 6 дела (програмски целини) и спроведувани од француско-македонски „тандем организации". Овој проект е насочен кон зајакнување на локалното владеење, поддршка на регионалниот развој, еднаква застапеност на руралните и градски средини во сите теми на соработката, кон развивање на капацитетите на единиците на локална самоуправа, институциите и локалното население во Долна Нормандија и Македонија како и кон разменување на позитивни практики вредности и искуства. Главната цел на проектот е да се зајакнат капацитетите на локалните власти за спроведување на процесот на децентрализација, да се поттикне учеството на граѓаните и да се помогнат во остварување на одржлив развој преку креирање на територијални јавни политики следејќи го моделот "од долу нагоре".
Асоцијацијата на Агенции за локална демократија (АЛДА) е генерален координатор на сите активности. Програмата за децентрализирана соработка е финансиски поддржана од страна на Регионот Долна Нормандија и Министерството за надворешни работи на Франција.
Локомотива е македонски партнер и носител на програмската целина посветена на *Културните политики.* Партнер од францускa страна во 2012г. е Регионалниот центар за култура, етнологија и техника – *CRéCET* (Долна Нормандија)
Главен локален партнер на Локомотива е Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион (ЦРППР) и проектот се извршува со активно учество на сите (9) општини кои овој регион ги обединува; културните институции и граѓанските организации активни во доменот на културата, уметници и граѓани на Република Македонија.
Целни групи: Единиците на локална самоуправа во Р.Македонија со посебен фокус на Пелагонискиот регион и деветте општини кои ги обединува, културните институции и граѓански организации активни во доменот на културата, уметници и граѓани на Р. Македонија, Министерството за локална самоуправа и Министерството за култура.

Активностите во рамките на проектната оска за Културна политика и културна размена се посветени на развој на културната политика (креирање на стратегии за локален/регионален културен развој), децентрализацијата во културата, поттикнување на партнерска соработка помеѓу националните, локалните институции и граѓанскиот сектор, како и поттикнување на директна соработка помеѓу институции и културни актери од Р. Македонија и Долна Нормандија. Активностите се развиваат согласно определбата дека културата игра значајна улога во целокупниот развојот на земјата (економски, социјален), а јадрото од каде треба и се иницираат промените и развојот, е локалната средина (општина, град) и регионот кој ги поврзува. Меѓутоа, локалниот/регионален контекст во кој треба да се иницираат овие промени е недоволно развиен како резултат на долгогодишниот централизиран систем на одлучување и управување и недостигот на контролни механизми (стандарди и принципи) во спроведување на севкупниот процес на децентрализација, како и фискалната децентрализација како значаен сегмент на овој процес. Се уште се неразрешени надлежностите околу менаџирањето и финансирањето на локалните културни институции, вклученоста на граѓанскиот сектор во процесите на планирање на културниот развој е на исклучително ниско ниво, партизација во раководните органи на институциите во културата е присутна, а постои потреба од професионализација на кадрите, со фокус на менаџерите кои ќе ги раководат институциите и организациите, како и потребата од интерсекторско поврзување при креирање и имплементирање на различни развојни програми.

Со цел да се придонесе во надминување на дел од наброените проблеми и подобрување на условите и капацитетите на локалните културни актери, кои би воделе кон креирање на апликативна стратегија за локален/регионален културен развој, Локомотива ја спроведува програмата преку следниве типови на активности:

- Професионална до-едукација, Преку организација на тематски работилници за претставници на општините, културните институции и граѓанскиот сектор од Пелагонискиот регион, која започна (2011-2013г.)
- Развој на регионална соработка (Работа на регионална стратегија за култура и развој на регионална културна мрежа 2012г.)
- Креирање платформи за взаемно информирање и размена на искуства и знаење за децентрализација во културата во Долна Нормандија и Македонија (конференции и работни посети за размена на искуства 2009/2013)
- Професионални стажеви на претставници на јавна администрација и културни институции од Македонија во сродни инстуции од Долна Нормандија (2007/2009)
- Уметнички копродукции помеѓу културни институции и организации од двете територии (во доменот на изведувачки и визуелни уметности 2008/2009);

**АКТИВНОСТИ РЕАЛИЗИРАНИ ВО 2013**:

1. Работилници на тема: „Туризмот во функција на едукација и култура“ и „Вмрежување“ (Цели 1, 2 и 3)

Реализирана работилница во Битола (29-31мај) која опфати 2 тематски содржини: Вмрежување и Туризам во функција на образование и култура. На работилницата земаа учество 17 учесници, претставници на општините од Пелагонискиот регион и претставници на културниот сектор (јавен и граѓански). Тематските сесии кои опфатија предавања, дискусии и работа во групи, беа водени од страна на експерти по културни

политики и туризам од Македонија и Србија, а презентации беа реализирани и од страна на партнерите од областа на заливот Мон Сен Мишел.
Резултати од работилницата: зајакната организациона и управувачка структура на Мрежата за културен развој на Пелагонија, креирани работни групи во рамки на мрежата кои ќе работат на конкретни активности и проекти за развој на културно-туристички понуди, покрената иницијатива за развој на локална културна полтика на општина Битола со учество на целокупниот културен сектор, а координирана од страна на општината и здружението на граѓани МКЦ Битола. Исто така се дискутираа и можни формати за професионална до-едукација преку организирање на професионални стажеви во Долна Нормаднија и Македонија за претставници на културниот сектор со цел размена на искуства и модели на работа и развој на идни заеднички проекти. Овој формат ќе се доразвие и имплеметира во 2014г. како активност на оската за културни политики.

2. <u>Работна посета на областа на заливот Мон Сен Мишел: Бреал, Вилдју ле Поел, Лусерн Д'Отрмер (Цел 2)</u>

Резултати од посетата:
*Запознавање со моделите на поддршка и промоција на културата на ниво на “заедница на заедници” од областа на Заливот Мон Сен Мишел, како и начините на анимација на локалното население и привлекување на домашни и странски посетители преку уметност, култура и културно наследство;
*Реализирање на првична средба помеѓу избраниците на дел од “заедниците на зедници” и локални/регионални културни институци од областа на заливот сен Мишел со цел нивно запознавање со програмата за децентрализирана соработка и вклучување во работата на оската за Културни политики;
* Претставување на начинот на работа и активностите кои се спроведуваат во рамки на програмата на територијата на регионот Пелагонија.
Покрај претставник на Локомотива, работната посета беше проследена од Гордана Лозановска-Стефановска, Советник во општина Могила (регион Пелагонија) и член на координативното тело на Регионалната мрежа за култура.
Детални информации за активностите за време на посетата, остварените средби и дискусии со претставници на општини, културни и туристички институции и културни актери може да најдете како дел од Деталниот извештај приложен во анкес на овој извештај.

3. <u>Изработка и промоција на Регионална стратегија за културен развој на Плеагонискиот плански регион 2013-2016 (Цел 2)</u>

Изработката на оваа стратегија се реализира во неколку фази. Во 2011 се направи територијална анализа потенцијалите, проблемите и потребите во доменот на културата во пелагонискиот регион и се изработија регистри на јавни културни институции, манифестации, здруженија на граѓани и самостојни уметници кои активно работат во Пелагонискиот регион, како и на постоечки проекти и активности кои имаат потенцијал за развој на културен туризам и културни индустрии. Потоа се направи истражување преку прашалници во општините, институциите, здруженијата на граѓани и постоечките фестивали и манифестации за нивната организациона структура, карактерот на понудените културни и уметнички содржини и лицата/телата одговорни

за донесување и имплементација на истите, моделите на одлучување и финансирање. Во 2012 се работеше на анализа на добиените податоци од спроведените истражувања и се направи анализа на територијалниот и културен контекст во Македонија земјќи ги во предвид соодветните законски рамки поставени во доменот на регионалниот развој и културата. Сите овие податоци како и добиените резлутати од активностите што се спроведуваа во Пелагонискиот регион во текот на 2010/2012 се земаа при креирање на Стратегијата за регионален развој на кулутрата во Пелагонија која заедно со акционен план ќе се финализира и публикува во октомври 2013, и ќе се однесува на периодот 2013-2016г.
Стратегијата за регионален развој на кулутрата во Пелагонија се објави во октомври како двојазична (на македонски и француски јазик) публикација. Публикацијата може да ја симнете во форма на пдф документ на следниов линк:
http://lokomotiva.org.mk/Materijali_2013/pdf_2013/STRATEGIJA%20MK%20spread.pdf

На 4-ти ноември во Битола, во Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион се одржа промоција на Стратегијата, и беше претставена од страна на Локомотива (Биљана Тануровска-Ќулавковски и Виолета Качакова) и Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион (директорката Емилиа Ѓероска). Преку имплементацијата на овој документ сметаме дека во следните три години ќе делуваме позитивно на креирање на одржливи структури и механизми за развој на регионот, подигнување на квалитетот на соработка и квалитетот на културната продукција и понуда, поголема видливост и интернационална соработка на регионот и подигање на квалитетот на културен живот за граѓаните во Пелагонија. Во 2014г. ќе се реализираат состаноци со Советот за развој на Пелагонискиот регион, Министерството за локална самоуправа и Министерството за култура со цел да се овозможи стратешко партнерство за поддршка на нејзината имплементација.
Оваа посета на Битола, се искористи и за средба помеѓу партнерите, членови на Регионалната мрежа за културен развој на Пелагонискиот плански регион, со кои се дискутираше за идните планови и досега поднесени апликации за финасирање на планираните активности во 2014г.

4. Координација на уметничка размена ДН/МК (Цел 2)

Локомотива помогна во логистика, координација на работата и запозанвање со културната и уметничка сцена во Македонија на ументици од Долна Нормадија кои беа поддржани во 2013г. од Францускиот институт во Париз да реализираат уметничка резиденција во Македонија. Во 2013 тоа беа: визулената уметница Флер Улин со уметничка резиденција на Кокино, и компанијата For Want of A Beter... која се претстави на шестото издание на фестивалот на соврмен танц – Локомоушн.
Со цел подобар програмски развој на овој сегмент, Локомотива беше поканета од стана на канцеларијата за децентрализирана соработка во Скопје на годишно ниво да развие програма за имплементација и координација на овие уметнички резиденции. Во текот на месец ноември – декември се реализираа неколку состаноци на оваа тема, за да во 2014г. како дел од новата програма за Децентрализирана соработка ДН/МК Локомотива официјално влезе како нејзин координатор и ќе потпише договор за соработка со АЛДА.

5. Годишен состанок на парнтери на Проектот за Децентрализирана соработка помеѓу Долна Нормандија и Република Македонија и состаноци со претставници на АЛДА и Регионалниот совет на Долна Нормадија (цел 2)

На 5ти ноември во Скопје, во организција на Канцеларијата за децентрализирана соработка ДН/МК во Скопје. На овој состанок земаа учество претставници на македонските партнери од сите 7 оски на соработка. На состанокот се направи:

- презентација и оценување на активностите спроведени од партнерите во последната година од проектот (2012/2013)
- дискусија и оценување на целиот период на имплементација на проектот од неговото започнување до крај на вториот тригодишен циклус (2007/2013), евиденција на позитивните промени и проблеми со кои се сретнале партнерите во спроведувањето на нивните програми и активности поврзани со јакнење на доброто владеење, соработка помеѓу единиците на локална самоуправа, институциите и граѓанскиот сектор, територијалниот развој, помош во процесот на децентрализација, сорботката помеѓу институции и организации од Долна Нормандија и Македонија итн.
- Презентација на новата програма за Децентрализирана соработка која ќе се спроведува од 2014г., начинот и можните модели на учество во неа, формите на соработка со Долна Нормадија, улогата на Регионот Долна Нормандија и Министерството за локална самоуправа во Македонија итн.

По состанокот на партнери следеа и неколку дополнителни состаноци на Локомотива и ЦИРА, како лидери на најуспешните оски на соработката, со директорот за европски прашања и меѓународни односи на Долна Нормандија, г-динот Александар Фоло. На овој состанок се обиде на претставниците на овие две организации да им се објаснат подетално целите и насоките на нововоспоставената програма за децентрализирана соработка и можностите за нивно вклучување.

### 1.2 ЈАДРО – АСОЦИЈАЦИЈА НА НЕЗАВИСНАТА КУЛТУРНА

Локомотива е еден од иницијаторите и основачите на ЈАДРО – асоцијација на независната културна сцена. Станува збор за непрофитна, инклузивна, партиципативна и застапувачка платформа која се стреми да го зајакне независниот културен сектор и неговото влијание врз креирањето и практикувањето на културните политики, со цел да ги поттикне процесите на демократизација во културата и пошироко, во општеството и во граѓанскиот сектор. ЈАДРО има за цел да воспостави дијалог и партнерска соработка со националните и локални институции на културата како и со останатите сродни сектори (едукација, европски интеграции, меѓународна соработка, млади, човекови права) со цел подобрување на условите за работа на граѓанскиот сектор во доменот на културата и учество во процесите на донесување одлуки и креирање политики. ЈАДРО активно учествуваше во дискусиите и јавната дебата со Министерство за култура по повод изработка на првата Национална стратегија за култура во Р.Македонија за периодот 2013-2017.

Два од членовите на Локомотива се активно вклучени во работата на мрежата – Биљана Тануровска Ќулавковски е во Управниот Одбор, а Виолета Качакова во Надзорниот Одбор. И двете се волонтерски на овие позиции и сметаат дека ваквиот

влог е важен на долгорочно ниво за промена на состојбите во кои работи граѓанскиот сектор во културата во Р.Македонија.

Застапувачки активности реализирани од страна на асоцијацијата во 2013г.

Во периодот јануари-март се спроведоа серијата на јавни реакции и настани организирани по повод: Уништување на муралите на Борко Лазевски во пожарот на главната Пошта во Скопје, Анализа и реакција по повод објавените резултати од конкурсот за финансирање на проекти од областа на културата за 2013г. од страна на Министерството за култура, по што следеше организирање на јавна дискусија на тема: "Културни политики или список на теснопартиски интереси", Реакција на отчетот даден од Министерството за култура за начинот на финасирање на проектот "Скопје 2014", итн.

Преку ЈАДРО исто така се доставија препораки и коментари кои се однесуваа на начинот на уредување, соработка и финасирање на граѓанскиот сектор и можните форми на остварување на јавно-граѓански партнерства со цел подобар развој и одржливост на целокупниот културен сектор.

Јадро – асоцијација на независната културна сцена во соработка со Општина Центар, а со поддршка на Канцеларијата за врски на Гете-Институтот од Скопје, на 29 септември ја организира целодневната акција насловена „Исчезнатиот двор". Настанот имаше за цел да понуди алтернативни урбани стратегии за градење на интерактивна заедница помеѓу граѓаните, општината и независниот културен сектор. Заедница во која ќе се развиваат секојдневни културни потреби и во која одговорноста на граѓаните кон содржините на просторот во кој живеат ќе станува сѐ пообврзна. Во соработка со општина Центар, просторот во кој се оддржи овој настан беше бараката на месната заедница Дане Крапчев. Овој целодневен настан од јавен карактер кој се релализира во интерактивен однос со жителите од оваа населба, понуди богата културна и уметничка содржина за сите возрасни групи, од деца до пензионери, креиран од страна на членовите на мрежата.

По оваа инцијатива следеа контакти и преговори со општина Центар за воспоставување на соработка помеѓу ЈАДРО и општината и давање на користење на овој простор на независниот културен сектор, кој од своја страна би понудил можност за негово опремување и обезбедување на редовни програмски содржини отворени за граѓаните. По низата преговори со општината, во месец декември се реализира состанок со градоначалникот на општина Центар и претставници на ЈАДРО за договарање на можностите и условите за соработка. И покрај покажаната инцијатива за соработка од страна на градоначалникот, согласно која се договори следен состанок за крирање на план на работа и стратегија за комуникација со советот на општината, со цел да се даде просторот на користење на ЈАДРО, состанокот не се случи.

Сепак асоцијацијата, ќе продолжи да се бави со овие активности, со цел обезбедување на простор (јавен или приватен) за користење од страна на сите претставници на независниот културен сектор, простор во кој тие непречно би имале можност да ги реализираат своите културни содржини

## 2. ПЛАТФОРМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ (УМЕТНОСТ И КУЛТУРА)

платформа за долгорочно учење и развој на професионалните капацитети во полето на уметноста наменета за уметниците, теоретичарите, критичарите на уметноста, социолозите и културните работници од граѓанскиот сектор и членовите на организацијата.

### 2.1 JARDIN D'EUROPE (ГРАДИНА НА ЕВРОПА)

НОМАД танц академија е долгорочна едукативна, истражувачка продукциска програма на партнери од Балканскиот регион, која има за цел да ги соедини сите потенцијали и ресурси во современиот танц на национално и регионално ниво со цел да придонесе во развојот и професионализацијата на современиот танц на Балканот.

Номад Танц Академија е мрежа, и програм кој е дел од поширокиот Европски проект наречен *Jardin d'Europe*.

*Jardin d'Europe* е посветен на формирање на одржлива Европска инфраструктура за професионалците, младите танчери, кореографи, танц администратори, танц критичари и истражувачи на културната политика во изведувачките уметности.

Негова главна цел е да поддржи нови идеи и проекти кои ќе бидат главната движечка сила во развојот на новиот танцов пазар низ цела Европа.

Jardin d'Europe е организиран во мрежа на танцови институции од Европа (ArtLink/RO, Bimeras Culture Foundation/TR, CCN Montpellier/FR, Cullberg Ballet/SE, danceWEB/AT, Lokomotiva/MK, Southbank Centre/UK, Station/YU, Ultima Vez/BE, Workshop Foundation/HU).

Главна цел на програмот/проектот: Да ги обезбеди потребните услови – професионализација, нови инструменти на културна политика, едукативен систем и поголема публика – за квалитативен развој на современиот танц во Европа и на Балканот.

Цели:

- Да креира нов модел на соработка во танцовиот сектор во Балканскиот регион и Европа со цел да придонесе во професионализација на секторот на национално ниво;
- Да ги подобри едукативните можности за младите танчери и кореографи;
- Да ги подобри можностите за истражување за танчерите и кореографите со искуство;
- Да ги подобри условите за продукција на нови дела;
- Да го промовира современиот танц како социјално релевантна, инклузивна и интернационална уметничка форма.

Целни групи: млади изведувачки уметници (танчери, кореографи, актери) истакнати кореографи и професионалци во полето на танцот, теоретичари и критичари, историчари на уметноста, културни продуценти и менаџери во културата, образовни институции во полето на културата, национални и локални носачи на одлуки и креатори на политики во полето на културата, и.т.н.

Номад танц академија е модел на културна продукција и регионална соработка. Овој модел може да биде мултиплициран и употребен во други уметнички дисциплини кои бараат професионализација, стаданрдизација и развој во уметничкиот домен. Номад Танц Академија е долгорочен проект фокусиран на три главни програми: едукација, истражувачки програм, и програма за видливост и препознавање на уметничките форми. Проектот е initiран од Балканската танцова мрежа (Balkan Dance Network), со

цел да се подобри соработката и да се искористат сите потенцијали во полето на современиот танц во регионот. Од 2008 година Номад танц акдемија е дел од Европскиот проект Градина на Европа.
Поддржувачи на програмата во 2007-2013: Номад танц академија (Швајцарска програма за култура во Западен Балкан, Прохелвеција, Шведски Институт, КултурКонтакт, Европска Културна Фондација, Министерствата за култура на Република Македонија, Србија, Хрватска, Словенија, Град Скопје и Град Белград)
Поддржувачи на програмата во 2008-2013: Градина на Европа за Номад ко-организатори – Локомотива, Скопје и Станица, Белград (Програмата Култура 2007-2013 на ЕУ, Европска културна фондација, Швајцарска програма за култура во Западен Балкан, Министерствата за култура на Република Македонија и Република Србија)

**Активности реализирани од Номад танц академија како дел од проектот Градина на Европа во 2013 г.**

1. Премиера на танцов-визуелен перформанс "Елегија за Рамно" (програмска линија за ко-продукции) (Цел 2)
   Скопје, Младинскиот културен центар, 27 април

Претставата е ко-продукција на Локомотива (Македонија) и *Rebecca Chentinell Company* (Шведска).

"...*Елегија за Рамно*, преку личните искуства на учесниците, се обидува да го одрази односот помеѓу хоризонталната организација предложена како концепт, и нејзините практични манифестации..."

Ко-автори: Ребека Шентинел (Шведска), Драгана Заревска (Македонија), Јасна Димитровска (Македонија), Дарко Алексовски (Македонија).

Период на припрема и реализација на претставата: Стокхолм, Шведска (6-15 март 2013 г.) во *Venue of Dance and Movement* ("Lokalen Dans och Rörelse") и Скопје, Македонија во МБУЦ "Илија Николовски-Луј" (17-24 април 2013г. - проби) и Младински културен центар (25-27 април 2013г. - поставување на сцена и премира).
Реализацијата на претставата е финансиски поддржана од страна на: Програмата на ЕУ Култура (2007-2013), *The Swedish Arts Grant Committee*, *Swedish Arts Council* и Министерство за култура на Р. Македонија.

2. „Обука за обучувачи" (Teaching the Teachers – TTT) и издавање на публикација (Цел 4)

Третата сесија на „Обука за обучувачи" беше програмски развиена и организирана од Локомотива во соработка со партнерите од мрежата на Номад танц академија. Се реализираше во Скопје и на неа земаа учество 14 професионалци од доменот на современите изведувачки уметности (едукатори, изведувачи, теоретичари и културни менаџери) од шест европски земји и 3 студенти од катедрата за Балетска педагодија (отсек современ танц) при Факултетот за музичка уметност. Сесијата имаше за цел преку професионалните искуства на учесниците да се рефлектира на денешните, актуелни модели на образование и пренос на знаење. Прашања кои беа дискутирани за време на сесијата: Како го пренесуваме знаењето? Како да креирате ситуација за

учење? Која е нашата визија во наставата? Како можеме да ги поврземе наставната со уметничка пракса? Како да го споделиме знаењето што се произведува во нашата пракса? Резултатите од оваа активност може да ги проследите преку извештаите реализирани од страна на дел од учесниците во сесијата: Грегор Камникар (Словенија), Олга Житлухина (Латвија), Сенка Анастасова (Македонија), Искра Шукарова (Македонија), Ива Свештарова (Бугарија) и заеднички извештај на студентите (Викторија Илиоска, Елена Ристеска и Елизабет Колевска) кои се поставени на веб страната на проектот www.nomaddanceacademy.org

Освен спомenатите извештаи, методологијата на работа и резултатите од оваа програма посветени на процесот и современите модели на едукација и пренос на знаење во полето на современите изведувачки уметности добиени од реализацијата на „Обука за обучувачи" во Белград (април, 2013 – во организација на Номад/Градина на Европа партнерот од Србија, Станица – Сервис за современ танц) и во Скопје (мај, 2013 – во организација на Локомотива), се изработи и публикацијата *Teaching the Teachers*. Таа сублимира текстови од учесниците во оваа програма и тоа од: Маријана Цветковиќ и Ана Дубљевиќ (Србија), Грегор Камникар и Дејан Срхој (Словенија), Биљана Тануровска-Ќулавковски, Искра Шукарова и Сенка Анастасова (Македонија), Драгана Алфиревиќ (Србија/Словенија), Бојана Цвејиќ (Србија/Белгија), Далија А.Телендер (Србија/Шведска), Ива Свештарова и Вили Прагер (Бугарија), Гизела Милер (Германија). Публикацијата може да ја симнете како пдф документ на следниов линк: http://lokomotiva.org.mk/Materijali_2013/pdf_2013/Publication_Teaching_the_Teachers/ttt_publ_final_web.pdf

3. SUSY – програма за обука на администратори и менаџери во танцот (Цел 3)

Оваа програма овозможува во рамки на проектот различни професионалци – културни менаџери да добијат дополнителна обука за менаџирање и администрирање на проекти од доменот на современите изведувачки уметности, и европски проекти развивајќи специфични знеања за начинот на програмско раководење и соработка со останатите партнери на мрежата на *Jardin D'Europe*. Во 2013г. како дел од оваа програма од Локомотива е вклучена Виолета Качакова.

## 2.2 LIFE LONG BURNING

Локомотива, Скопје заедно со уште два партнери од мрежата Номад танц академија, Тала данс центар од Загреб и Станица од Србија во 2013 година влегоа во уште еден петгодишен европски проект – Life Long Burning. Овој проект е продолжување на предходниот европски петгодишен проект Градина на Европа, со проширување на полето на делување и бројот на партнери вклучени во негова реализација.

И овој проект е поддржан од програмата Култура 2007 – 2013 на (Дел 1.1 Повеќегодишни проекти за соработка).

Партнери во проектот:

Координатор: *DanceWeb* од Австрија

Партнери и ко-организатори: Локомотива (Македонија), *4Culture* (Романија), *CCN Montpellier* (Франција), *Cullberg Ballet* (Шведска), *Het Veem Theater* (Холандија), *Station* (Србија), *Tala Dance Center* (Хрватска), *Uferstudios* (Германија), *Ultima Vez* (Белгија), *Workshop Foundation* (Унгарија) и *Workspacebrussels* (Белгија).

Главната цел на проектот е создавање на средина која ќе поддржува континуиран развој на современиот танц во Европа како релевантна уметничка форма која го подржува културниот како и социо-економскиот развој на општествата.

Локомотива како коорганизатор равноправно учествува во сите програми и активности на проектот. Активностите кои ќе се одвиваат во рамки на проектот од 2013 – 2018 се следните:

*Public movement*
*Prix Jardin d'Europe* – европска награда за нови кореографи која се доделува во рамки на фестивалот Импулс танц од Виена секоја година.
*European PR Platform* – платформа за односи со јавност, во која се развиваат активности како комуникација со публика и креатори на политики како и со претставници од Директоратот за култура во Брисел.
*Dance Works* - копродукции и танц продукции, кои овозможуваат продукција на нови дела и нивно претставување низ мрежата на фестивали на проектот.
*Critical Practice* – програм за критичари и теоретичари за танц, која го истражува современиот танц и перформанс како социјално релевантна форма низ призма на критичка теорија и културна политика.
*DanceWeb* – тренинг програма за млади кореографи и танчери, во која секоја година учествуваат 50-тина претставници од целиот свет.

*Dance Hubs*
*Wild Cards* – поддршка за уметнички развој преку резиденции и работилници, наменета за професионалци преку која се поддржува нивниот развој.

*Knowledge Passage*
*The performance Institute* – истражување и нови модели за размена на знаење, преку кој се развиваат проекти. Во следните две години Локомотива ќе координира два проекти (уметнички, истражувачки, едукативни и во поле на застапување)
*Teachback* - истражување во полето на танц едукација, истражување на методи на едукација и соработка.
*Dance Fiction – open source* - документација/публикации за проектните активности и развој на прирачници, како и теориски едукативни материјали.
*Susy- support system* – едукација и развој на танц администратори, која има за цел да обучи млади администратори да работат во областа преку секојдневно учество во проектот, но и преку размена – стаж во една од организаците партнери.

**Активности реализирани од Номад танц академија како дел од проектот Life Long Burning во 2013 г.**

1. Состанок на партнерите на Life Long Burning мрежата (цел 2)
   Берлин, Германија, 01 – 03 септември

Состанокот се оддржа со цел да се воспостави добар план на активности, да се утврдат приниципите на работа, претстават на обврските на партнерите поврзани со програмската и финасиска имплементација на проектот, да се утврдат механизмите на

комуникација и моделите на соработка помеѓу партнерите, начинот на промоција на програмата итн. Состанокот се одржа во Берлин, Германија (01 – 03 септември) и беше организиран од страна на германскиот партнер на мрежата – *Uferstudios*. На состанокот како претставници на Локомотива земаа учество: Биљана Тануровска – Ќулавковски и Анета Илиевска.

2. Состанок на членовите на *Performance Situation Room* (Номад танц институт) организиран за време на *Co-Festival* - фестивал за современ танц и перфрорманс. Развој на проекти кои ќе бидат поддржани во рамки на оваа програма (цел 4)
   Љубљана, 23-27 септември

Во првата фаза на Номад танц академија се реализираше тригодишниот едукативен програм (2008-2010). Новата фаза на овој програм се развива под парадигмата "сè е едукација" и дел од неа ќе се имплементира во рамки на програмата *Performance Situation Room* од новиот петгодишен европски проект *Life Long Burning.*
Форматите на програмата се дискутираа и развиваа помеѓу членовите на мрежата во изминатите 2 години, а се финализираа на состанок на работната група одржан во мај во Скопје. Новиот формат на едукација има за цел креирање на ново знаење кое треба да се врати назад во мрежата-заедницата и да биде достапно за користење на сите заинтересирани страни. Знаењето ќе се креира преку покана за реализација на различни типови на проекти предложен од страна на членовите на *Performance Situation Room (Nomad Dance Institute).*

Во Љубљана, Музејот на современа уметност – Металкова, се одржа првиот состанок на членовите од Номад танц институот во рамки на програмата *Performance Situation Room.* На него земаа учество 31 учесници, поканети членови на институтот од 10 земји во Европа. Состанокот беше организиран од страна на партнерот од Љубљана – Номад танц академија-Словенија и се одржа за време на фестивалот за современ танц – Ко/фестивал. Низ добро организирана агенда, која секој ден се развиваше согласно предлозите на учесниците, се создаде интерактивен формат за размена на знаење, информирање и запознавање со идеите и воспоставените практики на работа на самите учесници во полето на нивно делување (современ танц, перформанс, музика, теорија, архивирање итн.) Просторот на музејот беше на располагање на учесниците и се искористи за различни форми на презентации, дискусии, проекции, сесии за танц и движење, организирани во групи на интерес согласно презентираната идеја од еден или група на учесници. Овој формат на размена и комуникација беше развиен со цел учесниците подобро да се запознаат помеѓу себе, да ги разменат своите идеи за соработка кои треба да се преточат во неколку идни проекти кои ќе се реализираат во рамки на програмата *Performance Situation Room.* На крајот на состанокот согласно воспоставените приницици на работа, секој од учесниците имаше право да покани една идеја од претставените и со тоа да ја превземе улогата на поканувач и соработник во индната реализација на таа идеја, притоа исклучувајќи се себе од можноста да биде поканет од некој друг. На тој начин се развива демократскиот пристап на соработка преку согледуавње и давање можност за развој на идеи во идни проекти кои во дадениот момент имаат најголем значај за контекстот и доменот на делување и кои можат да дадат како резултат нови знаења и практики на работа, кои ќе бидат

достапни до сите заинтересирани страни во рамки на мрежата (Номад/*LLB*) и надвор од неа. На последниот ден од состанокот се поканија 8 идеи кои до почетокот на декември требаа да се развијат во предлог проекти со иницијална програма и буџет. На база на добиените предлог проекти ко/организаторите на *Life Long Burning* (Локомотива, Скопје, Тала-Загреб и Станица-Белград) ќе одлучат на кој начин овие проекти можат да се развијат и поддржат во рамки на програмата *Performance Situation Room*, додека пак координаторите на проектите (лицето што го поканило проектот и неговите иницијатори) треба да направат план на дополнително ко-финасирање и да обезбедат реализација на проектот во следните две години.

3. Годишен состанок на членовите на одлучувачкото тело на Номад танц академија
   Љубљана, 28-29 септември

По состанокот на Номад танц институт, следните два дена во Љубљана се реализира состанокот на ДМБ – *Decision Making Body* на мрежата Номад танц академија. На него се направи оцена на работата на мрежата во изминатата година, се утврдија новите начини на работа преку креирање на работни групи, се направи план на активности за 2014 година и начин на поврзување на активностите на мрежата со постоечките проекти во кои се вклучени нејзините членови.

4. Резиденција за Каи Симон Стогер од Берлин во Љубљана (програмска линија WILD CARD) (цел 4)
   Љубљана, 23 септември – 5 октомври

Една од програмските линии на Life Long Burning проектот е линијата посветена на поддршка за развој на уметници преку програми за резиденции, работилници и стипендии – WILD CARD. Оваа програмска линија овозможува уметничка резиденција преку професионален престој на уметник од земјите членки на мрежата на проект Life Long Burning во организација партнер од различна земјата од која потекнува уметникот. Програмата е развиена преку биномни размени помеѓу две партнерски организации кои овозможуват услови за професионален престој и работа на уметници од нивните земји во друга земја партнер од мрежата. Во 2013 Локомотива во партнерство со *Uferstudios* (Германија) овозможи резиденција на Каи Симон Стогер, кореограф и изведувач од Берлин во Љубљана, Словенија. Резиденцијата беше организирана од Локомотива и организацијата партнер од Љубљана – Номад танц Словенија. Во рамки на оваа резиденција (23 септ. – 5 окт.) Каи Симон Стогер беше поканета како учесник на состанокот на членовите од Номад танц институот во рамки на програмата *Performance Situation Room,* како и на годишниот состанок на ДМБ – *Decision Making Body* на мрежата Номад танц академија. За време на својот престој преку партнерите – организации од Љубљана (Номад танц Словенија и Фичо Балет) таа имаше можност директно да се запознае и сподели информации со голем број на уметници од Љубљана, да се запознае со современите продукции и условите на работа на независниот културен сектор, пред се оној кој делува во полето на современите изведувачки уметности.

## 2.3 ЛОКОМОУШН - ФЕСТИВАЛ ЗА СОВРЕМЕН ТАНЦ И ПЕРФОРМАНС
(Цел 2)

**Фестивалот за современ танц и перформанс *Локомоушн*** има за цел да ги презентира најновите остварувања во доменот на современите изведувачки уметности (современ танц, перформанс, театар) во Европа, регионот и Македонија, и да отвори дискурс за позицијата на оваа современа уметничка форма во Европа и кај нас.

*Главната цел* е преку прикажување на најнови авторски остварувања да се одбележат новите тенденции на европската, регионалната и македонската сцена и да се прикажат новите иновативни уметнички тенденции и истражувања кои преку овој фестивал ќе ја позиционираат Македонија, на светската карта на современите изведувачки или перформативни уметности како и да овозможиме следење на регионалната и интернационалната сцена.

Иновативноста и интердисциплинарниот пристап во развојот на Локомоушн овозможуваат воведување на нови модели на курирање, креирање на програмските содржини и соработка помеѓу различни културни актери и професионалци од полето на современтите изведувачки и сродни дисциплини.

Фестивалот е замислен, не само како презентација, туку и како проширување на границите на современите изведувачки уметности (современ танц, перформанс, театар на тело, пост драмски – театарски перформанс, музички и визуелен перфроманс) преку програми како *работилници, дебати и дискусии* кои би развиле различни дискурси за позицијата на оваа уметност во европски, регионални и локални рамки. Локомоушн со своите програмски содржини влијае на професионалците во Македонија поинтензивно да се инволвираат во развојот на современите изведувачки или перформативни уметности на национално ниво. Исто така, со овој проект се подржува развојот на локалната сцена, и се отовра можност за контекстуализација на развојот на современиот танц во пошироки регионални рамки, а со тоа овозможува и поголема видливост на Македонската современа уметничка сцена и во интернационални рамки.

Фестивалот настана како иницијатива на Локомотива, и во партнерство со шест организации од регионот основачи на Балканската танцова мрежа и проектот НОМАД танц академија. Идејата беше да се воспостават неколку фестивали во регионот со што ќе отворат простори каде ќе може да се продуцира, гледа современа изведувачка уметност, простори кои не постојат, и треба да се создадат. Покрај Локомоушн, се основаа и фестивалите: Конденз во Белград, Зврк во Сараево, Антистатик во Софија и Плескавица во Љубљана.

**<u>Локомоушн 2013</u>**

Шестото издание на фестивалот се реализира во периодот од 19 до 25 октомври во Младинскиот културен центар. Фестивалот понуди реномирани автори и кореографи од Европа, кои нудат нов, современ уметнички израз преточен во танц и движење, преку кој се преиспитуваат актуелните концепти на уметничка продукција, трансдициплинарните форми на изразување, како и релациите, начинот на комуникација и уметничко вреднување во современите општествени системи и позицијата на современиот уметник во нив. Како секоја година и оваа фестивалот понуди можност за презентација на македонски автори и дискусија со публика. Исто така во рамките на фестивалот се прикажаа и две проекции на снимени изведби на најдобрите европски остварувања во полето на современиот танц, од кои едната

наградена во рамки на реномираниот фестивал од Виена, Импулс Танц. Овие снимени претстави беа овозможени преку соработката на Европскиот проект Life Long Burning.
Во соработка со Штифтунг Културскејпс Швајцарија (*Stiftung CULTURESCAPES Switzerland*) на Локомоушн#6 гостуваа истакнатите и светски признати кореографи од Швајцарија: Мартин Шик со Спектакуларен гледач/*Spectatular Spectator* и Полулебтехника (посткапитализам за почетници)/*HALFBREADTECHNIQUE (postcapitalism for beginners)* и Фуфа д'Имобилите со Напротив (според Жан-Лик Годар)/*Au Contraire (à partir de J-L Godard).* Од Франција пак, од регионот Долна Нормадија гостуваше француската компанија ВО ПОТРАГА ЗА ПОДОБАР... # 7 / *FOR WANT OF A BETTER ... # 7.*
По премиерната изведба во Скопје, во Младински културен центар во април оваа година, повторно на истата сцена ја претставивме ЕЛЕГИЈА ЗА РАМНО, ко-продукција на Локомотива и *Rebecca Chentinell Company*, реализирана како дел од програмската линија за ко-продукции во рамките на европскиот проект "Градина на Европа". Од Македонија со Структуирана импровизација се претставија и студентите од 2, 3 и 4 година од Универзитет Св. Кирил и Методиј, Факултет за музичка уметност, отсек за балетска педагогија; програма: современа танцова педагогија, со кореографија на професор Искра Шукарова.
Како дел од Европскиот проект *Life Long Burning* во рамките на Локомоушн#6 можеа да се видат и две снимени изведби на претстави, и тоа:
Хетерономен маж/Heteronomous male од Мајкл Турински (Австрија), снимена изведба од Импулс Танц фестивал 2013, Виена и
Убавицата и ѕверот/Beauty and the Beast од Аманда Апетреа (Шведска) и Хала Олафсдотир (Шведска/Исланд), добитник на наградата Градина на Европа 2013.
Локомоушн#6 се реализираше во партнерство со Младинскиот културен центар.
Фестивалот финансиски беше поддржан од: Штифтунг Културскејпс Швајцарија, Прохелветиа, CIVICA Mobilitas, Министерство за култура на Република Македонија и Град Скопје.
Фестивалот се реализираше во рамките на годишната програма на Локомотива, поддржана од програмата CIVICA Mobilitas - имплементирана од ЦИРа и финансиски поддржана од SDC.
Партнер на програмата на фестивалот: проектот Life Long Burning поддржан од Програмата Култура на Европската Унија.
Медиумска поддршка на фестивалот дадоа: ПМГ Рекордингс, Клипинг Скопје, Канал 103, Џез ФМ Радио и Радио МОФ.

### 2.4 ЧЕКОР АФРИКА!/STEP AFRIKA!
(Цел 4)

Цел на проектот: социјална инклузија, регионално поврзување, градење на толеранција, тимска работа, прифаќање и меѓусебно разбирање кај деца од различни националности и етнички групи. Проектот беше наменет да се поттикне креативноста, комуникациските вештини и преку имплементација на специфична едукативна методологија во танцот. Проектот се реализира во две фази: 1/ **трансфер на знаење** и 2/ **мултипликација на знаење** (Прилеп, 02-05 јули).
Во април (22-26) се реализира првата фаза со работилница во Загреб намената за учесници-деца од земји од поранешна Југославија (вкупно 70 учесници). Од Македонија работилницата е проследена од 6 учесници од Скопје и Тетово (од македонска и албанска националност) од кои 4- учесници и 2- ментори-студентки по

танцова балетска педагодија (современ танц) при Музичката академија во Скопје. Работилницата овозможи трансфер на знаење преку употреба на специфичен пристап во степ-танц-движење, педагошки вештини и методологија, и комуникација помеѓу учесници од различни културни, образовни средини и националната припадност.
Во јули (02-05) се реализира втората фаза со работилница во Прилеп. Знаењето стекнато на работилницата во Загреб од страна на двете менторки-студентки се пренесе на 20 деца од Прилеп. Целта на оваа работилница беше да се мултиплицира знаењето стекнато во Загреб и да се понудат на заинтерисираните учесници специфичните методологии за танц и движење, развиени во рамки на проектот. Оваа работилнца се реализира во НУ Центар за култура Марко Цепенков во соработка со Танц студио Зодијак од Прилеп.
Проектот е финансиски поддржан од страна на Амбасадата на САД во Р. Македонија, а реализиран со соработка со локалните партнери: МБУЦ "Илија Николовски-Луј" од Скопје и Танц студио Зодијак од Прилеп.

### 2.5 ПРОДУКЦИЈА НА ТАНЦОВА ПРЕТСТАВА "ЗАЕДНО ПРОТИВ СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО" ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ - ПОДОБРУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИОТ ПРИСТАП КОН СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО

(Цел 2)

Локомотива беше поканета од страна на УНДП во рамки на проектот "Подобрување на институционалниот пристап кон семејното насилство" да развие концепт и реализира танцова претстава на тема: семејно насилство и неговото влијание на најважното општествено јадро-семјеството. Во овој контекст, танцот како универзален јазик и медиум кој комуницира со поширока публика се користи за актуелизирање на една исклучително важна и општествено релевантна тема во земјата.
Коцептот за претставата беше развиен од Локомотива (Биљана Тануровска-Ќулавковски и Искра Шукарова, која работеше и на кореографијата) а изведбата се реализираше со учество на 6 млади танцувачи (студенти по современ танц од катедрата за Балетска педагогија и танувачи во националниот ансамбл на Македонската опера и балет).
Темата на семејно насилство во рамки на оваа претстава се разработи во форма на танцова нарација, во која преку танц и движење на симболичен начин се прикажуваат неколку ситуации низ кои проаѓа жртвата на семејно насилство. Овие ситации го сликаат актулниот конфликт кој постои во семејството, барање помош од жртвата преку постоечките институционални механизми за помош во земјата (СОС центар-советувалиште, полиција и правна помош) и разрешување на конфликтот.
На претставата се работеше во текот на месец јуни (кореографија, проби, продукција, костимографија, документација). Припремата на претставата се реализира во МБУЦ "Илија Николовски Луј", а нејзината изведба се реализира на 6 септември во општина Боговиње - ОУ "Абдул Фрашери". Претставата беше прикажана како дел од настанот со јавен карактер – Улогата на локалните институции во справувањето со семејното насилство "Кога се има волја постои и начин". На настанот беа поканети и земаа учество претставници на локалната власт, надлежните министерства, центрите за социјална работа, судската власт, граѓанскиот сектор и меѓународната заедница.
Како дел од проектот, претставата беше изведена и во Кратово (Мултимедијален центар) на 18ти ноември, како дел од настан од јавен карактер кој обедини високи претставници од локалната и централната власт, центрите за социјална работа,

судската власт, граѓанскиот сектор и меѓународната заедница. Дел од нив земаа учество на јавната дискусија на тема: Улогата на локалните институции во справување со семејното насилство.
Проектот "Подобрување на институционалниот пристап кон семејното насилство" се спроведува од Министерството за труд и социјална политика, Програмата за развој на Обидинетите нации и UN Women, а со финансиска подршка на Кралство Холандија.

### 2.6 СОСТАНОК НА АПАП – ЕВРОПСКА МРЕЖА ЗА ИЗВЕДУВАЧКИ УМЕТНОСТИ

(Цел 2)

АПАП (*Advancing Perfroming Arts Projects*) е европска мрежа формирана во 2000 година и оттогаш има реализирано повеќе од 100 уметнички проекти. Нејзината работа во фокус ја става размената на уметнички активности и размената меѓу културни работници и нивните знаења и практики. APAP поврзува меѓународни и локални аспекти на современата уметност.

*Performing Europe 2011-2016* е тековната програма на мрежата која поврзува осум европски организации и го поддржува развојот на современи изведувачки уметности и нивното влијание врз европските општества. Програмата вклучува продукција, презентирање и дистрибуција на уметнички дела, и исто така се концентрира на развој на нова публика и изнаоѓање на нови начини на медијацијата. Програмата поврзува уметници, куратори и експерти од различни области. Организации кои ја координираат работата на мрежата се: Szene salzburg (Австрија), Arts Centre BUDA Kortrijk (Белгија), BIT Teatergarasjen Bergen (Норвешка), Centrale Fies Dro (Италија), Fundacja Cialo/Umysl Warsaw (Полска), Maison de la Culture d'Amiens (Франција), Student Centre Zagreb - Culture of Change (Хрватска), Tanzfabrik Berlin (Германија).

Во 2013 година Локомотива беше поканета од страна на мрежата да учествува на состанокот на партнери и да ја претстави својата работа во делот на современите изведувачки уметности, како и да го презентира контекстот и сцената за современа изведувачка уметност во Македонија. Овој состанок беше планиран да се одржи во месец декември 2013 година, но поради организациони причини се одложи за јануари 2014 година. Со цел да се помогне на работата на Локомотива како најзначајна организација од Македонија која се занимава со развојот на современите изведувачки уметности, состанокот се искористи и за презентација на идни идеи и проекти од доменот на современиот танц кои би се реализирале во продукција на Локомотива во соработка со локални кореографи и изведувачи. Мрежата има за цел во периодот од април 2014 до април 2015 година да помогне во реализацијата на дел од идеите и проекти за продукција преку овозможување на соработка со уметници, драматурзи, кореографи (членови на мрежата), простори за резиденции и финансиска помош во ко-продукција на делата.

На состанокот на мрежата кој се одржи во Салзбург, Австрија (15 и 16 јануари) од Локомотива земаа учество Биљана Тануровска – Ќулавковски и Климент Попоски.

3. **ИЗДАВАШТВО**

Публикации издадени во 2013 година:

**3.1 Стратегијата за регионален развој на културата во Пелагониски плански регион 2013-2016**

Издадена во октомври 2013 како двојазична (на македонски и француски јазик) публикација. Публикацијата може да ја симнете во форма на пдф документ на следниов линк:
http://lokomotiva.org.mk/Materijali_2013/pdf_2013/STRATEGIJA%20MK%20spread.pdf

**3.2 Teaching the Teachers**

Публикацијата може да ја симнете како пдф документ на следниов линк:
http://lokomotiva.org.mk/Materijali_2013/pdf_2013/Publication_Teaching_the_Teachers/tt_publ_final_web.pdf

4. **ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНАТА СТРУКТУРА НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА И ДОБИЕНИ ПРИЗНАНИЈА ЗА НЕЈЗИНАТА РАБОТА**

**4.1 Подршка за јакнење на институционалната и организациона структура на Локомотива дадена во рамки на програмата CIVICA Mobilitas имплементирана од ЦИРа и финансиски подржана од Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC).**

Во 2013 година Локомотива како организација која делува во полето на уметноста и културата беше подржана од страна на ЦИРа со институционален грант во рамки на програмата CIVICA Mobilitas. Овој грант овозможи вработување на две лица од тимот на Локомотива (асистент проект менаџер и финасиски координатор) како и придонес во плати и одржување на вработувањето на менаџерскиот тим на организацијата (менаџер и проект менаџер). Како дел од јакнење на тимот и организационата стуктура гранот овозможи одржување на професионални работилници за тим билдинг и стратешко планирање. Истовремено преку оваа програма се подобрија и условите за работа преку можноста за обновување на техничка опрема на организацијата со набавка на 2 пренсони компјутери, видео бим, камера, звучници и преносен диск. Исто така, грантот овозможи и кофинасирање на дел од програмските активности за 2013 година. Во контекст на непосотење на стурктурна подршка на здруженија на граѓани во Р.Македонија и ко-финасирање на дел од програмските активности со учество помало од 5% од вкупниот буџет за програмски активности од страна на локланите и национални фондови, ваков тип на грантови овозможуваат опстанок и континуитет на работата на организации од ваков тип и обем, кои со својата работа имаат огромен придонес во развојот на современата култура и уметност во земјата.

**4.2 Награда доделена на Локомотива од страна на Швајцарската програма за култура во Западен Балкан за највисока посветеност во развојот и промоцијата на современиот танц на Балканот преку проектот НОМАД танц академија.**

Наградата беше доделена во Сараево на настанот организиран од страна на Швајцарската програма за култура на кој земаа учлество околу 100тина културни оператори, донатори, уметници од регионот. Наградата и беше врачена на Биљана Тануровска Ќулавковски.

Настанот се реализира во Младински културен центар во Скопје.
Швајцарската програма за култура во Западен Балкан оваа година ја затвора својата канцеларија и нејзиното делување како една од исклучително значајните програми за поддршка на културата и уметноста на Балканот. Овој чин таа го одбележи и со доделување на награда на организации од областа на културата и уметноста од Балканот за покажана изврсност и исклучителни практики во работата реализирана во полето на нивно делување. Оваа награда е доделена на вкупно 4 одганизации од Балканот. Согласно одлуката донесена во ноември 2012г. од страна на Регионалниот управен комитет на Швајцарската програма за култура, Локомотива е наградена за највисока посветеност во развојот и промоцијата на современиот танц на Балканот преку проектот НОМАД танц академија, имплементиран во периодот октомври 2007 – декември 2010, во партнерство со Станица (Белград), Танцеларија (Сараево) и останатите партнери на НОМАД танц академија.
Програмата на настанот се состоеше од изложба во галеријата (видео инсталација) и во холот на МКЦ (фотографии, видео проекција на филм по повод 10г. Локомотива и архивски материјали на Локомотива), современ танцов перфроманс "Роболедо" во кореографија на Искра Шукарова, концерт на македонскиот музички бенд "Милко" и диџеј-сет на Мирко Попов.